*КОСТА АЏИЕВСКИ*

# СТИПИОН (Ступион) НЕ Е ШТИП

Во историографијата одамна е востановено гледиштето дека Стипион (Ступион)[1] кај византиските автори е име за градот Штип на р. Брегалница во средниот век. Тоа гледиште, се чини, е засновано пред сè на неверојатната сличност на двете имиња, а не и на некоја подетална анализа на изворите и настаните кои се во врска со споменувањето на овој топоним. Во нашето натамошно изложување ќе се обидеме, со подлабока и подетална анализа на византиските извори кои го споменуваат овој топоним и со логично интерпретирање на настаните што се во врска со овие споменувања, да докажеме дека основите врз кои почива прифатеното гледиште во историографијата не се така цврсти како што изгледа и дека можат да се оспорат.

Стипион (Ступион), колку што ни е познато, прв пат се споменува во врска со Византиско-македонската војна во првата половина на XI век, по смртта на Самоил[2]. Веднаш штом разбрал за смртта на својот лут непријател византискиот цар Василиј II нападнал на териториите на Самоиловото царство. Од Мосинопол се упатил кон Солун, а оттаму навлегол во Пелагонија[3]. Нападот бил преземен со цел во Битола да се изненади Гаврил Радомир, наследникот на Самоил на престолот[3a]. Притоа, како што известува Јован

---

[1] Во разните ракописи на Скилица постојат повеќе варијанти во пишувањето на овој топоним: Στυπείου, Στουπείου, Στυπίου, Στουπ', Στουπίου. Cf Ioannis Scylitzae sinopsis historiarum. Editio princeps, rec. I. Thurn, Berolini et Novi Eboraci 1973, p. 351, n. 5, 358, n 88.

[2] Самоил починал од срцев удар на 6 октомври 1014 година кога ги видел своите унакажани војници што му ги испратил Василиј II. Cf. I. Scylitzae, p. 349, 35—44; B. Prokić, Die Zusätze in der Handschrift des Johannes Scylitzes Codex Vindobonensis hist. graec. LXXIV,München 1906, No. 21 i p . 23.

[3] I. Scylitzae, p. 351, 94—97.

[3a] Гаврил Радомир играл мошне важна улога во Самуиловата држава. Тој бил, всушност, втор човек во државата, веднаш зад Самуил, а според некои известувања во изворите дури и негов совладар. Cf. Византиски извори за историју народа Југославије, том III, Београд 1966, p. 47 n. 14; С. Антољак, Самуиловата држава, Скопје 1969, 81. За неговата улога во

Скилица, главен извор за историјата на македонската средновековна држава, византискиот цар испратил еден дел од војската да ги освои тврдините Прилеп и Стипион (πέμψας δέ στρατιὰν χειροῦται τὸ φρούριον Πριλάπου καὶ τοῦ Στυπείου)[4]. Во врска со овој настан во историографијата Стипион целосно се поистоветува со Штип и се смета дека византиската војска при овој поход ги освоила Прилеп и Штип[5].

Овој податок на Скилица, поточно неговото безрезервно интерпретирање во историографијата, нѐ наведе на размислување, зашто ни изгледаше бесмислено да се испрати во овој момент војска од Пелагонија против Штип. Не можевме да најдеме вистинска причина за ваквиот потег. Тој за нас беше неразбирлив главно од две причини и тоа: 1. Заради моментната состојба во војната и целта на нападот и 2. Заради оддалеченоста на Штип од јужните делови на Пелагонија.

Од известувањето на Скилица за овој напад се гледа дека тој бил преземен мошне брзо. За побрзо да се движи византискиот цар по патот кон Битола не пустошел и не се задржувал[6]. Целта на нападот била да се изненади непријателот во Пелагонија, една од централните области во државата, и да се освојат нејзините главни пунктови — Битола и Прилеп[7]. Затоа, изгледа сосема нелогично расплинувањето на силите со испраќање војска до Штип, кој е прилично оддалечен од Пелагонија и, за да се стигне до него требало да се помине долг пат низ териториите што ги држел непријателот. Освен тоа, ако целта на византискиот напад била да се изненади непријателот, што е сосема јасно од известувањето на Скилица, тогаш испра-

---

државата во времето на Самуил, за неговото владеење и крајот подетално види: Виз. изв. III, pp. 108—110, n. 99, 100, 101; С. Антољак, о.с. 91—96; Историја на македонскиот народ, т. I, Скопје 1969, 136—138: Б. Прокић, Јован Скилица као извор за историју македонске словенске државе, Глас СКА LXXXIV, Други разред 50, Београд 1910, 122—126; F. Rački, Borba Južnih Slovena za državnu neodvisnost u XI vieku, Beograd 1935, 55—58; В. Златарски История на Българската държава през средните векове, том I, част 2, София 1971, 704—713.

[4] I. Scylitzae, 351, 4—5.

[5] Cf. С. Антољак, о.с. 93; Историја I, 137; Историја народа Југославије, књ. I, Београд 1953, 280; Виз. изв. III, 112, бел. 111; Т. Томоски, Средновековни градови во Македонија меѓу реките Вардар, Брегалница и Лакавица, Годишен Зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, т. 4 (30), Скопје 1978, 279; Б. Панов, Штип и Брегалничката област во средниот век (VI крајот на XII век), Годишен Зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, т. 8 (34), Скопје 1982, 67; Ф. Папазоглу, Македонски градови у римско доба, Скопје 1957, 240, бел. 44; В. Златарски, о.с. 706; История на България, том II. Първа българска държава, София 1981, 416; К. Иречек, История на българите, София 1978, 229; П. Мутавчиев, История на българския народ (681-1323), София 1986, 230; П. Завоев, Градъ Щип. Минало и просвета до революционните борби, Македонски Преглед, г. III, кн. 3, София 1927, 38; F. Rački, о.с. 56; Б. Прокиќ, о.с. 124; Д. Ташковски, Самоиловото царство, Скопје 1970, 97.

[6] I. Scylitzae, 351, 2—3.

[7] Ова прво навлегување на Византијците во Пелагонија завршило со делумен успех. Главната цел на нападот, освојувањето на Битола, не била постигната. Единствено биле запалени дворците на Гаврил Радомир во овј град. Миѓутоа, Византијците успеале да го освојат Прилеп, вториот центар на Пелагонија, мошне важно утврдување во нејзиниот североисточен дел, на патот кон Повардарјето. Cf. I. Scylitzae, 351, 1—5.

ќањето на еден дел од војската против Штип не ја оправдувало таа цел, зашто, заради одалеченоста, тоа не би преставувало никакво изненадување. Најпосле, ако Василиј II сакал да го освои Штип и на тој начин да ја опкружи и изолира Струмица, тогаш тоа можел да го направи со испраќање војска од териториите што биле многу поблиску до Штип или Пелагонија, како на пр. Скопско, источните делови на струмичката котлина или пак Петричко и не морал да доаѓа од Мосинопол дури до Пелагонија. Заради сето што досега го изнесовме сметаме дека тврдината Стипион треба да се бара многу поблиску до Пелагонија и до Прилеп.

Скилица уште еднаш го споменува Стипион (Ступион) кога ја опишува ситуацијата во Самоиловата држава по убиството на Јован Владислав[8]. Опишувајќи ги настаните по смртта на последниот владетел на македонската средновековна држава Скилица, меѓу другото, известува и за походот на византискиот цар кон запад во териториите на Самоиловото царство. На тој поход Василиј II стигнал до Струмица, а оттаму се упатил во Скопје. Откако ги средил работите во Скопје[9], продолжува Скилица, се вратил преку тврдините Стипион и Просек, насекаде поздравуван и фален со химни и молитви (...ὑπέστρεψε διὰ τῶν φρουρίων Στυπείου τε καὶ Προσάκου . . .)[10].

И овој пасус кај Скилица, без исклучок, во историографијата се интерпретира на тој начин што се поистоветува Стипион со Штип, односно се смета дека Василиј II од Скопје преку Штип отишол во Просек[11].Но, дали е ваквото интерпретирање навистина исправно?

За да ја разбереме маршрутата на византискиот цар на враќање од Скопје, мораме најнапред да го одредиме патот по кој тој се движел од Струмица кон Скопје. Имено, Скилица не кажува како отишол и по кој пат се движел Василиј II од Струмица кон Скопје, ниту пак споменува некое место по патот. Всушност, византискиот цар кон Скопје можел да се движи по два пата: 1. Главната комуникација што врвела по долината на р. Вардар и 2. По патот што одел преку Штип, Овче Поле и натаму преку Пчиња за Скопје, кој бил покус од првиот. Од маршрутата на византискиот цар при враќањето од Скопје може индиректно да се заклучи дека Василиј II од Струмица кон Скопје се движел најверојатно по покусиот пат

---

[8] Јован Владислав загинал при опсадата на Драч во почетокот на 1018 година. Cf. I. Scylitzae, 357, 54-59; B. Prokič, Die Zusätze, No. 36. За ситуацијата во македонската држава непосредно по смртта на Јован Владислав подетално види: С. Антољак, о.с. 104; Историја I, 140сл.; Златарски, о.с. 732 сл.

[9] Во Скопје Василиј II го поставил за стратег автократорот Давид Аријанит, кој бил именуван и за „катепан на Бугарија". Cf. I. Scyl. 358, 81—87; B. Prokič, Die Zusätze, No. 41. Според дополнувањата на Михајло Деволски, на византискиот цар близу до Скопје му се предал и храбриот Самуилов војсководач, младиот Николица, кој заради тоа ги добил титулите стратег и автократор. Cf. B. Prokič, Die Zusätze, No. 40; I. Scylitzae, 358, 83—84.

[10] I. Scyl. 358, 88—89.

[11] С. Антољак, о.с. 105; Историја I, 140; Т. Томоски, Средновековни градови, 279; Б. Панов, Штип, 67; Виз. изв. III, 125 сл; Гръцки извори за българската история, т. VI, София 1966, 291; В. Златарски, о.с. 734; F. Rački, о.с. 66; К. Иречек, о.с. 231; Д. Ташковски, о.с. 217.

преку Штип и Овче Поле, зашто ако одел по главната комуникација по Вардар морал да помине преку Просек, па на враќање немал потреба повторно да поминува и да се спушта толку на југ. Ако е тоа така тогаш византискиот цар, под претпоставка дека Стипион е исто што и Штип, морал двапати да помине и преку Штип, на одење и на враќање од Скопје, што е сосема неразбирливо и малку веројатно. Во прилог на ваквиот заклучок оди и известувањето на Скилица дека од Просек византискиот цар завртил десно и се упатил кон централните делови на македонската држава, т.е. кон Охрид[12]. Заради тоа навистина тешко може да се разбере толкаво отклонување на Василиј II на исток кон Штип, во времето кога брзал кон јадрото на државата во западна Македонија, уште повеќе ако се знае дека Штип византијците го освоиле уште во 1014 година (се разбира под претпоставка дека Стипион е Штип), а Василиј II поминал преку него и на одење кон Скопје.

Од сето што досега го изнесовме може да се заклучи дека византискиот цар од Струмица кон Скопје се движел, најверојатно по патот преку Штип и Овче Поле, а се вратил во Просек по патот што водел по долината на р. Вардар. Тоа значи дека Стипион треба да се бара некаде северно од Просек на патот Скопје—Солун или блиску до него.

Ступион го споменува и Михајло Деволски во дополнувањата на Скиличината хроника. Тој известува дека Теодор Кавкан, еден од приврзаниците на Гаврил Радомир, му ветил на Василиј II дека ќе го убие Јован Владислав. За таа цел тој поткупил еден од слугите на Јован Владислав и го наговорил да го убие својот господар. Заедно со слугата се упатил во „Бугарија“[12a] но целта не била постигната, зошто кај Ступион самиот бил убиен од него (...παρ' αὐτοῦ σφάττεται κατὰ τὸ Στούπιον οἰκητήριον....)[13].

Ова известување на Михајло Деволски во поглед на идентификацијата на Ступион во историографијата се толкува речиси на идентичен начин како и претходните две на Скилица. Имено, еден дел од историчарите како место на убиството на Теодор Кавкан го одредуваат Штип[14], а другиот се определил за Стоби[15].

Ќе се потрудиме и овој пат да укажеме на некои индикации против идентификувањето на Ступион со Штип. Најнапред да го одредиме поблиску местото од каде што се упатиле заговорниците

[12] I. Scylitzae 358, 89—90.

[12a] За термините „Бугарија“ и „Бугари“ во времето на Самуиловото царство, а и подоцна, сп. опширен коментар во Виз. изв. III, 59, бел. 9; Б. Панов, Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ, Скопје 1971, 296—309.

[13] B. Prokić, Die Zusätze, No. 29, No. 30; I. Scylitzae, 353, 53—56.

[14] Виз. изв. III, 116, бел. 127; Б. Прокић, Јован Скилица, 129. С. Антољак о.с. 97 не се изјаснил, меѓутоа во Историја I, 138 сепак се определил за Штип.

[15] В. Златарски, ц.д. 761, бел. 36; И. Вендиков, Климент Охридски и Добета. Климент Охридски. Сборник от статии по случай 1050 години от смъртта му, София 1966, 311 сл.; П. Коледаров, О местонахождении средневекового города Девол и пределах одноименной области (I часть), Palaeobulgarica, VI/1 (1982), 99.

во „Бугарија“ т.е. кон Ступион. Од известувањето на Скилица се дознава дека Теодор Кавкан пребегнал кај Василиј II набрзо по убиството на Гаврил Радомир од страна на неговиот братучед Јован Владислав. Василиј II во тоа време се наоѓал во Мегленската област, која ја имал освоено малку време пред тоа, а таму го примил и известувањето за убиството на Гаврил Радомир[16]. Според тоа, тука бил направен, најверојатно, и планот за заговор против Јован Владислав, што значи дека од овие предели заговорниците се упатиле во „Бугарија“. Од друга страна со голема веројатност може да се претпостави дека Јован Владислав по убиството на Гаврил Радомир престојувал во централните делови на државата. Освен тоа, се знае дека непосредно по убиството на Гаврил Радомир и во времето на ковањето на заговорот се воделе преговори за мир меѓу Јован Владислав и Василиј II[17], па затоа може да се претпостави дека Јован Владислав се наоѓал некаде блиску до Мегленската област, можеби во Пелагонија, која исто така преставувала една од централните облсти на државата. Иако не можеме сосема точно да го одредиме местото каде што се наоѓал Јован Владислав во времето кога заговорниците се упатиле во „Бугарија“, јасно е дека во судбоносните моменти по убиството на Гаврил Радомир и насилното преземање на власта тој сигурно престојувал во централните делови на државата. Според тоа, тешко може да се објасни патот на заговорниците од Мегленската област кон Штип за да се дојде во централните области на државата, каде што се наоѓал Јован Владислав. Заради тоа, сметаме дека Ступион и овој пат не треба да се поистовети со Штип, кој е многу настрана од маршрутата на заговорниците. Ступион во овој случај би требало да се бара поблиску до централните делови на Самоиловото царство, во некоја од околните области, блиску на Мегленската област, можеби во Мариово или во Тиквеш.

Свесни сме дека сè што изнесовме досега за да го оправдаме нашето сомневање во исправноста на вообичаеното идентификување на Стипион (Ступион) со Штип се засновува, пред сè, на логично интерпретирање и комбинирање на податоците од изворите, а не и на конкретни и директни податоци во изворите. Тоа веројатно и ќе останеа само наши размислувања ако не најдевме и конкретни податоци во изворите, кои ги оправдаа нашите сомневања. Трагајќи по Стипион (Ступион) во византиските извори дојдовме до Никифор

[16] За освојувањето на Мегленската област сп. I. Scyl. 352, 23—38. Гаврил Радомир бил убиен за време на лов во Петерско кон крајот на летото 1015 г. од својот братучед Јован Владислав. Веста за неговата смрт Василиј II ја дознал петтиот ден по освојувањето на Меглен или на Енотиа од писмото што му го испратил Јован Владислав, Cf. I. Scyl. 353, 39—43.

[17] Веднаш по убиството на Гаврил Радомир, Јован Владислав му испратил писмо на византискиот цар (сп. претходната белешка) и започнал со него преговори за мир, кои во почетокот успешно се одвивале. Василиј II ја прифатил понудата за мир и му испратил за тоа на Јован Владисав и специјална хрисовуља. Но, набрзо потоа, преговорите биле прекинати, наводно заради тоа што царот се посомневал во искрените намери на Јован Владислав. Cf. I. Scyl., 353, 43—49, 57—58.

Вриениј[17a], кој со своите податоци за овој топоним всушност претставува наш најсилен аргумент во настојувањето да го оправдаме насловот на прилогов. Да проследиме зошто.

Никифор Вриениј во својата „Историја“ во четвртата книга, меѓу другото, говори и за походот на Алексиј Комнен во 1079 година на запад против узурпаторот Никифор Василаки, новиот дукс на драчката тема, кој се побунил против централната власт[18]. Притоа известува дека Алексиј Комнен, откако ја поминал Македонија[19] Волерон, Струма и теснините меѓу Струмица и т.н. Црна Гора[20], стигнал до едно место на реката Вардар[21]. Веднаш потоа Вриениј дава податоци за пределите и местата низ кои тече оваа река и вели: „. . . ὁ δὲ Βαρδάριος καταρρεῖ μὲν ’εκ τῶν τῆς νέας Μυσίας ὀρῶν, καὶ διιὼν διὰ Σκούπων κάτεισι μεταξὺ Στρουμπίτζης καὶ Στυπίου δίχα τέμνων τὰ ὄρη, βραχὺ δε ἐκεῖθεν προϊὼν διίστησιν ἀλλήλων τά τε Βερροίας καὶ Θεσσαλονίκης χωρία δι’ αὐτων ῥέων καὶ πρὸς τὴν θάλασσαν δίεισι. . .“[22]. (Вардар тече од планините на Нова Мизија,минува низ Скопје, тече меѓу Струмица и Стипиј, ги пресекува планините и малку подолу ги разделува земјите на Бер и Солун и течејќи меѓу нив се влива во морето).

Изложувајќи го, мошне точно текот на реката Вардар[22a]), Никифор Вриениј дава драгоцени податоци кои ни овозможуваат точно да ја определиме положбата на Стипион (Ступион) во однос на Штип. Имено, од неговото известување разбираме дека Струмица и Стипион не се наоѓаат од истата страна на р. Вардар, бидејќи

---

[17a] Никифор Вриениј потекнувал од стара воено-аристократска фамилија. Се оженил (1097 г.) за ќерката на византискиот император Алексиј I Комнен, амбициозната Ана Комнена и како таков активно учествувал во политичкиот живот на византискиот двор. За неговиот живот и дело подетално види: S. Wittek-De Jongh, Le César Nicéphore Bryennios, l’historien, et ses ascendants, Byzantion, XXIII (1953) Bruxelles 1954, 463—468; G. Moravcsik, Byzantinoturcica, I, Berlin 1958, 443sq.

[18] Подетално за овие настани в. F. Chalandon, Essai sur le règne d’Alexis Ier Comnène (1081—1118), Paris 1900(Reprinted:New York 1971), 36sq.; Г. Острогорски, Историја Византије, Београд 1959, 329.

[19] Очигледно се работи за темата Македонија, која била формирана кон крајот на VIII век во западниот дел на Тракија. Cf. Г. Острогорски, Историја, 198sq; истиот, Постанак тема Хелада и Пелопонез, Зборник Радова Византолошког Института, 1, Београд 1952, 74 (= Сабрана дела Георгија Острогорског књ. 3, 154). Подетално за оваа тема в. П. Коледаров, Образуване на тема „Македония“ в Тракия, Известия на Института за история, т. 21, София 1970, 219—240.

[20] Овој топоним во Виз. изв. III, 243, бел. 21, а исто и кај Б. Панов, Штип, 79, погрешно е идентификуван со Скопска Црна Гора иако тоа од изворот во никој случај не може да се заклучи. Поаѓајки од правецот на движењето на византиската војска Т. Томоски исправно го лоцирал топонимот со планината што се протега јужно од Бутковското езеро, на југоисток до р. Ѓумус, а на запад до патот Кукуш-с. Порој. Сп. Т. Томоски, Белешки за неколку малку познати места во средновековна Македонија, Историја, г. XVII/2, Скопје 1981, 82.

[21] Nicephore Bryennios Histoire, introduction, texte, traduction et notes par Paul Gautier, Bruxelles 1975, 285, 10—14.

[22] Ibid., 285 14—18.

[22a] Никифор Вриениј имал можност добро да го запознае текот на р. Вардар и околните области, бидејќи кратко време (ок. 1100/1101 год.) ја вршел должноста дукс на темата „Бугарија“. Сп. Виз. изв. III, 273, бел. 58; В. Златарски, История на Българската държава през средните векове, том II, София 1972, 257—259; Истот: Наместници-управители на България презъ царуването на Алексия Комнинъ, Byzantinoslavica, IV/1 (1932), 147—153.

таа тече меѓу нив. Ако знаеме дека Струмица се наоѓа лево од Вардар, тогаш е јасно дека Стипион треба да се бара десно од оваа река, некаде во висината на Струмица. Според тоа, од известувањето на Вриениј е сосема јасно дека Стипион не може во никој случај да биде Штип.

Но, и покрај тоа, издавачите на Вриениј, а исто така и во историографијата, од неразбирливи причини, Стипион и овој пат се поистоветува со Штип. Така ,Б. Радојчиќ, кој превел делови од „Историјата" на Вриениј преведува дека Вардар тече меѓу Струмица и Штип!![23] Л. Јончев, кој исто така превел делови од делото на Вриениј, смета дека Стипион е денешен Штип[23a], а истото го прави и П. Готје, кој го приредил најновото издание на Вриениј[24]. Единствено во францускиот превод на делото на Вриениј, што го приредил Х. Грегоар, овој пасус е преведен исправно, без да се поистовети Стипион со Штип[24a].

Сметаме дека нашите напори не беа сосема залудни. Врз основа, пред сè, на податоците што ги дава Вриениј, пропратени со правилно и логично интерпретирање на настаните во врска со другите споменувања на Стипион (Стүпион) во византиските извори, мислиме дека има основа да се предложи ревизија на досегашниот став во историографијата по ова прашање, односно можеме да заклучиме дека Стүпион (Стипион) навистина не е Штип[25].

---

[23] Виз. изв. III, 243, Ваквиот превод го прифатиле и Т. Томоски, Средновековни градови, 279, и Б. Панов, Штип, 79. Врз основа на тоа Панов дошол и до погрешен заклучок дека" од походот на Алексиј Комнен биле доста засегнати и струмичко-брегалничките краишта" (Б. Панов, о.с. 79). Притоа, не се водело сметка дека Алексиј Комнен воопшто не отишол, а и немал потреба да оди, кон север, бидејќи узурпаторот Василаки се наоѓал во Солун. Набрзо по поминувањето на Вардар Алексиј Комнен се улогорил меѓу Бер и Солун, потоа го победил Василаки кај р. Галик, а малку потоа го заробил и ослепил. Cf. N. Bryennios, 283, 10—11, 287—297; F. Chalandon, o.c. 36sq.

[23a] Гръцки извори за българската история, VII, София 1968, 120, бел. 3.

[24] N. Bryennios, 285, n. 7. Притоа, Готје забележал: „Bryennios commet ici une ereur: le Vardar ne passe pas entre ces deux villes, mais à l'ouest de chacune d'elles" (N. Bryennios. 285, n. 7). Меѓутоа, една подетална анализа го прави неприфатлив ваквиот заклучок. Имено, од изложувањето на Вриениј се гледа дека тој навистина добро ја познавал положбата на Скопје, Струмица, Бер и Солун во однос на р. Вардар, а исто така и самиот тек на реката. Знаел дека таа протекува низ Скопје, дека ги пресекува планините, т.е. протекува низ Демиркаписката клисура, и дека меѓу Бер и Солун се влива во морето. Според тоа, можноста Вриениј да направил вака крупна грешка единствено во однос на положбата на Стипион е речиси сосема неверојатна. Освен тоа, Вриениј сигурно не случајно, при описот на текот на реката, прво ја споменува Струмица а потоа Стипион. Тоа значи дека овој топоним не можел да се наоѓа толку северно, т.е. северо западно, од Струмица, како што е тоа случајот со Штип, туку некаде на приближна географска ширина со Струмица.

[24a] H. Grégoire, Nicéphore Bryennios, Les quatre livres des Histoires. Livres III et IV, Byzantion, t. XXV—XXVI—XXVII (1955—56—57), Bruxelles 1957, 914sq.

[25] Штип во времето на Самуиловото царство, а и подоцна се до 14 век, изгледа го немал она значење што му се припишува во историографијата. Како што забележал и Т. Томоски, Средновековни градови, 279 сл. и бел. 52, Штип не е забележан во ниеден извор или документ до почетокот на 14 век. Најпрвин, го нема во грамотата што и го дал Василиј II во 1019 г. на Охридската архиепископија (Cf. Й. Иванов Български старини изъ Македония, София 1931, 550—555). Не е забележан исто така и во „Географијата" на арабјанецот Идриси

*

* *

Ако Стипион (Ступион) не е Штип тогаш каде се наоѓала оваа значајна тврдина од времето на Самоиловото царство? Со помош на изворите што и досега ги користевме ќе се обидеме поблизу да ја лоцираме. Според нив таа треба да се бара после Прилеп, кога се оди од Јужна Пелагонија кон Прилеп и меѓу Скопје и Просек, односно северно од Просек, во висина на Струмица. Според тоа тврдината Стипион (Ступион) поширoко треба да се бара во триаголникот меѓу Скопје, Просек и Прилеп, поблиску до Прилеп отколку до Скопје, десно од реката Вардар, а потесно во триаголникот што го сочинуваат Прилеп и устијата на реките Бабуна и Бошавица во Вардар.

На овој простор во антиката егзистирал градот Стоби на устието на Црна Река во Вардар, чие име е мошне блиско до името на нашиот топоним[26]. Меѓутоа, во средниот век Стоби целосно го загубил своето поранешно значење. Иако, со археолошки наоди на овој простор е евидентиран живот во средниот век[27], сепак Стоби сигурно не е нашиот Стипион (Ступион). На ваков заклучок неминовно наведува податокот дека Стоби нема тврдина и не можел да ја

(Cf. Б. Недков, България и сьседните ѝ земи през XII век според Идриси, София 1960, 31—107), а не е спомнат ниту во „Привилегиумот" што и го дал на Венеција византискиот цар Алексеј III Ангел кон крајот на XII век (Cf. G. L.F. Tafel—G.M. Thomas, Urkunden zur älteren Handels- und Staatsgeschichte der Republik Venedig, Wien 1856, 250—278), ниту во договорот што го склучиле во март 1204 г. Венецијанците и крстоносците за поделба на Визатиското царство, познат како Partitio Romaniae (Cf. Tafel—Thomas, o.c. 464—488). Штип никаде не е забележан и во XIII век, кога на Балканот се случувале крупни настани, а Македонија се претворила во арена на постојани судири меѓу околните балкански држави. Ниеден од бројните извори за овие настани (византиски, српски, латински) не го споменува Штип. Прв пат Штип се споменува во договорот склучен помеѓу српскиот крал Милаутин и Карло од Валоа во 1308 година. Cf. L. Mavromatis, La Serbie de Milutin entre Byzance et l'Occident, Byzantion, t. XLIII (1973) Bruxelles 1974, 147, 150. Според тоа може да се заклучи дека сé до почетокот на 14 век Штип, никаде не се споменува во изворите. Освен тоа и досегашните археолошки истражувања на штипската тврдина „Исарот" не говорат за некаков интензивен живот на овој простор до 14 век. Откриен е разновиден керамички материјал од XII—XIV век, најмногу од XIII и XIV век и монети од времето на Стефан Душан. Cf. З. Белдедовски, Исар, Штип — средновековна населба, Macedoniae Acta Arhaeologica, 3, Прилеп 1977, 195—211; Истиот, Сребрени монети на Стефан IV Душан од нумизматичката збирка на Народниот музеј во Штип, Macedoniae Acta Arhaeologica, 4, Прилеп 1978, 217—226.

Од сето што досега го изнесовме неминовно се наметнува зклучокот дека сé до XIV век Штип, всушност, бил во сенка на многу попознатиот средновековен град Моро(зд)визд на р. Брегалница, јужно од Кочани кај денешното истоимено село, чие егзистирање во средниот век е евидентирано и потврдено од бројни извори. Cf. Т. Томоски, Морозвиждска епископија, Културно наследство, VII (1976—1978), Скопје 1978, 93—96.

[26] За историјата на овој најголем и најпознат град во северна Македонија во римско време cf. Ф. Папазоглу, o.c. 235—240, а за резултатите од најновите археолошки истражувања в: Studies in the Antiquites of Stobi (Студии за старините во Стоби), I, II, III, Beograd 1973, 1975, Т. Велес 1981.

[27] Сп. Б. Алексова, Извештај за истражувањата на средновековните гробови во Стоби, Гласник на Институтот за национална историја, г. II, бр. 1, Скопје 1958, 247—260; Истата: Средновековните гробови во Северната базилика, Студии за старините во Стоби, т. III, Т. Велес 1981, 249—253.

има заради благата конфигурација на земјиштето на кое бил расположен. Без тврдина во немирните времиња на средниот век тој не можел да опстане.

Во споменатиот триаголник постојат остатоци од бројни тврдини, најмногу доцноантички, но има и средновековни[28]. Нашето натамошно внимание ќе го задржиме на две од нив и тоа: 1. Тврдината кај с. Дреново и 2. Тврдината Тиквеш.



Сл. 1. Девол—град (Стипион) во Раец: поглед на акрополата од запад. Во подножјето современиот магистрален пат Прилеп—Градско и почетокот на Деновската клисура

Тврдината кај с. Дреново се наоѓа на излезот на р. Раец од Дреновската клисура, 4,5 км западно од нејзиното устие во Црна Река. Лежи на варовничкиот рид „Градиште" меѓу селата Дреново и Раец, на магистралниот пат Прилеп—Градско[29]. Според традицијата зачувана кај жителите од околните места, тука некогаш се

[28] Овој простор во последните дваесетина години е истражуван археолошки поинтензивно од И. Микулчиќ. Резултатите од своите истражувања тој ги соопштил во неколку свои прилози и тоа: Топографија на Еударист. Macedoniae Acta Arhaeologica, 1, Прилеп 1975, 173—179; Една античка Villa Rustica во Тиквеш, Год. Збор. на Фил. фак. на Унив. во Скопје, т. 23 (1971), Скопје 1971, 269—285; Хеленистички тврдини во Демир Капија и Бабуна. Год. Збор. на Фил. Фак. на Унив. во Ск., т. 8 (34), Скопје 1982, 127—142; Девол-град во Раец, Год, Збор, на Фил. фак. на Унив. во Ск., т. 10 (36), Скопје, 1983, 211—218; Античко светилиште и тврдини на Клепа, Год. Збор, на Фил. фак. на Унив. во Ск., т. 10 (36), Скопје 1983, 193—206; Проблемот на Антигонеја, Год. Збор. на Фил. фак. на Унив. во Ск., т. 11 (37), Скопје 1984, 111—136.

[29] Т. Томоски, По трагата на средновековниот град Девол, ГЗФФУС, т. 1 (27), Скопје 1975, 188; И. Микулчиќ, Топографија, 74; Истиот, Девол-град, 211сл.

наоѓал градот Девол (Девол—Касабаси)[30]. Со најновите археолошки (површински) истражувања на овој локалитет потврдено е постоење на средновековна тврдина во времето од 8—14 век[31]. Инаку, животот на овој простор започнал многу одамна. Утврдено е дека тука, според Табула Појтингеријана, се наоѓал Еударист, првата станица на патот Стоби—Хераклеја[32], а по сè изгледа и пајонскиот град



Сл. 2. — Девол—град (Стипион) и преслапот Девол преку кој во минатото врвела комуникацијата за Тиквеш: поглед од запад.

[30] В. Радовановиќ, Тиквеш и Рајец. Насеља и порекло становништва, књ. 17. Београд 1924, 177, 214, 515. Овој Девол го споменува исто така и П. Коледаров. Меѓутоа, непознавајќи го доволно теренот тој погрешно го лоцира во „Вариш Дербент" т.е. во Фаришката клисура, која е ок. 4—4,5 км одалечена од Дреновската (Сп. П. Коледаров, О местонахождении, 88, 99). Поаѓајќи од погрешната локација на Девол во Фаришката клисура авторот направил уште една грешка. Името на с. Вариш, како што тој го именува, иако селаните го нарекуваат Фариш, а под тоа име е заведено во Imenik mesta, II izdanje, Beograd 1960, с. 162, и е запишано во турските документи (Сп. А. Стојановски, Дервенџиството во Македонија, Скопје 1974, 290, бел. 760), го доведува во врска со „варош" = подград, подградие (Сп. П. Коледаров, ц.д. 88, бел. 5) што е сосема без основа зошто во близината на селото нема остатоци од град (Сп. В. Радовановиќ, ц.д. 499сл.). Сметаме дека е нужно да укажеме уште на еден пропуст на П. Коледаров, кој исто така произлегува од недоволното познавање на теренот. Имено, со цел да го поткрепи своето мислење за тракиското потекло на името Девол, кое би требало да значи „буен извор", „буен поток", П. Коледаров сосема неосновано со името Девол ја нарекува Раечка река, која во малата Дреновска клисура тече мирно и не е ниту брза ниту бујна, каква што сака да ја прикаже авторот. Сп. П. Коледаров. ц.д. 88, 99.

[31] Сп. И. Микулчиќ, Девол-град, 212—216. Меѓу средновековните наоди се наоѓаат и византиски бакарни монети на Јован Цимиски, Константин IX Мономах, Михајло VIII Палеолог и Андроник II со син му Михајло IX Палеолог (Сп. I. Микулчиќ, о.с. 214).

[32] Ф. Папазоглу, о.с. 243.

Аударист[33]. Населбата продолжила да егзистира и во римско време, особено интензивно во раноримскиот период, сè до доцната антика[34].

Тврдината во минатото имала големо значење. Се наоѓала на главната сообраќајна артерија која го поврзувала Повардарјето со Пелагонија и обратно[35]. Оваа сообраќајница всушност била дел од многу поважниот пат што ги поврзувал двете главни балкански магистрали: Белград—Софија—Цариград и Драч—Солун—Цариград[36]. Патот водел од Битола (Хераклеја), до Стоби, а оттаму преку Ќустендил (Пауталија) за Софија[37]. Освен тоа, оваа сообраќајница ја поврзувала Пелагонија со Повардарјето и со главната комуникација Скопје—Солун, а на север преку Скопје ги поврзувала двете области и со Ниш и Белград[38]. Тврдината го контролирала патот од Пелагонија кон Градско, а исто така и патот што се одвојувал од овој пат југоисточно, ја поминувал Црна Река кај с. Возарци и врвел за Тиквеш и Просек.

Тврдината Тиквеш се наоѓа десетина километри југоисточно од тврдината кај с. Дреново. Расположена е на ридот „Градот" на устието на Тиквешка река во Црна[39]. Животот на овој простор може да се следи речиси низ целата антика. Од доцниот архајски период, кога прв пат се појавил, преку класично-хеленистичкиот до доцноримскиот период[40]. Животот продолжил континуирано и во средниот век. На местото на античката населба никнала средновековна, а евидентирано е постоење на средновековна тврдина во 11—12 век[41].

Овие две средновековни тврдини, сметаме, по својата местоположба и значење најмногу одговараат на приближната положба што би требало да ја има нашиот топоним. Притоа, предност и даваме на тврдината кај с. Дреново, т.е. на градот Девол во Раец, бидејќи тој имал поповолна местоположба од Тиквеш. Се наоѓал на

---

[33] Во историографијата одамна постојат претпоставки дека античкиот Аударист е исто што и Еурист, кои Ф. Папазоглу, о.с. 211 и бел. 57, ги отфрла како малку веројатни. Меѓутоа, во поново време, врз основа на повеќегодишните археолошки истражувања на овој локалитет и на поблиската околина, и на археолошкиот материјал најден на теренот, И. Микулчиќ дошол до сознание дека тука, сепак, се наоѓал пајонскиот град Аударист (Еударист) и дека Еурист е всушност посредна и изменета форма на името на овој пајонски град. (Сп. И. Микулчиќ, Топографија, 174, 193; Истиот, Девол-град, 211 sq.

[34] Сп. И. Микулчиќ, Топографија, 174—181.

[35] Cf. Monumenta cartographica Jugoslaviae, I, Београд 1974, 55; Г. Шкриваниќ, Путеви у средновековној Србији, Београд, 1974, 80.

[36] За овие познати магистрали во антиката и средниот век подетално види: F. Tafel, De via Militari Romanorum Egnatiae, Turbigae 1812; К. Јиречек, Војна цеста од Београда за Цариград и Балканси кланци, Зборник Константина Јиречека, I, Београд 1959, 71—189; Monumenta cartographica , 44sq., 53; Г. Шкриваниќ, о.с. 76sq., 82—92.

[37] К. Јиречек, о.с. 92; Monumenta cart., 55.

[38] К. Јиречек, о.с. 89; Monumenta cart., 54; Г. Шкриваниќ, о.с. 94—102.

[39] В. Радовановиќ ,о.с. 433sq.; I. Микулчиќ, Девол-град, 216; Истиот: Топографија, 190.

[40] И. Микулчиќ, Една античка Villa Rustika, 270, 280, 282sq.; Истиот: Топографија, 190.

[41] И. Микулчиќ, Една античка Villa Rustika, 280, 283sq.; Истиот: Топографија, 190, 194.

важна сообраќајна артерија, што го зголемувало и неговото значење додека Тиквеш бил понастрана од главните комуникации. Освен тоа, кога му дадовме предност на градот Девол го имавме предвид и известувањето на Михајло Деволски, дека Ступион, каде што бил убиен Теодор Кавкан, порано се викал Девол (. . . Διάβολις ὁ τόπος ἐκαλεῖτο ἀνέκαθεν . . .[42]. Имено, сметаме дека новото име на населбата не го истиснало сосема старото, кое се зачувало кај локалното население, со време повторно надвладеало, ја надживеало населбата и се зачувало во традицијата на луѓето од тој крај[43].

*KOSTA ADŽIEVSKI*

## STYPION (STUPION) IST NICHT ŠTIP

### Resümme

In der Geschichtswissenschaft wird seit langem der Standpunkt vertreten, dass das (Stypion) der byzantinischen Autoren der Nam der Stadt Štip am Fluss Bregalnica zur Zeit des Mittelalters ist. Dieser Standpunkt ist vor allem durch die unglaubliche Ähnlichkeit beider Namen begründet, jedoch existiert keine tatsäschliche Bestätigung hierfür in den Quellen. Mit einer detaillierten Analyse der Quellen, in denen dieses Toponym erwähnt wird (Skylitzes, M. Delovski, Bryennios), sowie der Ereignisse, die in Verbindung zu seiner Erwähnung stehen, bemühen wir uns um den Beweis, dass die Grundlagen, auf die sich der angenommene Standpunkt stützt, nicht so fest sind, wie es den Anschein hat und das sie demzufolge angefochten werden könen.

Das stärkste Argument im Bemühen, die Berechtigung des Titels unseres Beitrages zu beweisen, ist die Beschreibung des Laufs des Flusses Vardar, den Nicephore Bryennios gibt. Er teilt unter anderem mit, dass der Fluss Vardar zwischen Strumica und Stypion fliesst. Wenn wir wissen, dass sich Strumica links vom Vardar befindet, dann ist klar, dass Stypion auf keinen Fall Štip sein kann, welches sich links vom Vardar befindet, nordwestlich von Strumica. Bryennios beschreibt den Flusslauf des Vardar sehr genau, und die Lage von Skopje, Stru-

[42] B. Prokič, Die Zusätze, No. 30, p. 44; I, Scyl., 353, 55—56. T. Томоски, По трагата на. . ., 195sq. смета дека Ступион е второ име за средновековниот град Девол во подножјето на Сува Гора на преслапот Ѕвезда, југозападно од Преспанското езеро. За името Девол и за неговото значење, а исто така и за називот Стоб, од каде што најверојатно доаѓа грчкото име на нашиот топоним, види: Т. Томоски, По трагата на. . ., 188, бел. 5, 195sq.

[43] Ова прашање го засегнал и И. Микулчиќ. И тој смета дека Девол во Раец е оној што го споменува М. Деволски. Поаѓајки од претпоставката дека Ступион е византиска форма на Стоби тој дошол до заклучок дека Стоби, иако не егзистирал во средниот век, бил толку славен во антиката, што бил познат и во Византија, и како таков послужил како ориентир на непознатиот Девол во Раец, кој е одалечен од него 18 км. Сп. И. Микулчиќ, Девол-град, 216. Сето тоа е логично искомбинирано, меѓутоа се губи од предвид фактот дека, всушност, станува збор за едно исто место со две имиња, ново-Ступион и старо-Девол.

mica, Ber und Salonikki in Bezug auf den Fluss ist ihm gut bekannt. Er hatte nämlich für kurze Zeit (i. J. 1100/1101) die Tätigkeit eines Dux zum Thema „Bulgarien" inne und hatte damit die Möglichkeit, den Lauf des Flusses Vardar und die umliegenden Gebiete gut kennenzulernen. Demzufolge ist die Möglichkeit ausgeschlossen, dass Vryennios einzig und allein einen Fehler in Bezug auf die Lage von Stypion gemacht haben sollte, wie Paul Gautier unterstreicht.

Aus den Quellen, die Stypion erwähnen, geht hervor, dass diese Festung rechts vom Vardar zu suchen ist, in der Nähe von Prilep, nö rdlich von Prosek, in Höhe von Strumica. In diesem Raum sefindet sich die Festung auf der Lokalität „Gradište" zwischen den Dörfern Drenovo und Raec, am Ausgang des Raečka—Flusses aus der Schlucht von Drenovo, an der Autostrasse Prilep—Gradsko. Hier befand sich einst die Stadt Devol (Devol—Kassabassi)- und mit Hilfe von archäologischen Funden ist die Existenz einer mittelalterlichen Festung in der Zeit des 8—14. Jahrhunderts bestätight worden. Die Festung war in der Ver gangenheit von grosser Bedeutung, da von hier aus die Verbindungs strasse zwischen den beiden Hauptmagistralen des Balkans kontrolliert wurde: Belgrad—Sofia—Carigrad und Drač—Salonikki—Carigrad.

Wir denken, dass die Stadt Devol in Raec am meisten der Lage entspricht, die Stypion haben müsste. Auf bei Mihajlo Devolski findet man die Mitteilung, dass Stypion früher Devol hiess. Es ist möglich, dass der alte Siedlungsname im Laufe der Zeit wieder die Vorherrschaft übernahm, die Siedlung überdauerte und in der Tradition der Ortsbevölkerung bewahrt wurde.